# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА НЕГОТИНО

## Службен гласник бр. 3/2023
## 03.03.2023 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програма за измена и дополнување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежното земјиште на просторот на општина Неготино за 2023 година**

Се објавува **Програма за измена и дополнување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежното земјиште на просторот на општина Неготино за 2023 година,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **01.03.2023** година.

**Бр.09- 220/1**
**03.03.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 95 став 1 од Законот за градежно земјиште Закон за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/2015, 98/2015, 193/2015, 226/2015, 31/2016, 142/2016 и 190/2016), член 14 став4 од Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 84/2008; 52/2009; 114/2009; 124/2010; 23/2011; 53/2011; 44/2012; 168/2012; 163/2013; 187/2013; 39/2014; 42/2014; 166/2014; 44/2015; 116/2015; 150/2015; 31/2016; 71/2016 и 163/2016),член 8 од Законот за комуналните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/2012, 163/2013, 42/2014, 44/2015, 147/2015, 31/2016 и 64/2018). член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр. 5/2002) и член 79 став 1 точка 26 од Статутот на општина Неготино (Сл. Гласник на општина Неготино бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14,13/20 и 3/22 ), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **01.03. 2023** година ја донесе следната

## П Р О Г Р А М А
## За изменување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2023 година

### Член 1

Во Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2023 година се вршат следните измени:

Во под програма ЈИ Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води во точка 9 се брише текстот Изградба на канализациона мрежа за прифаќање и одведување на урбани отпадни води за приклучок на изградени објекти(нова стамбена зграда) во должина од околу 80м се брише и се додава нов текст кој гласи: **Реконструкција на фекална и атмосферска канализација од ревизиона шахта на улица Марксова до отворениот канал за прифаѓање на атмосферски води во должина од 130м и фекална канализација до Вељко Влаховиќ во должина од 390м .**

Се додава нова точка по точка 16 се додава точка 17 која гласи: **Изведба на приклучоци на канализаціја на улична фекална линија покрај потпорен зидкоја е дел од новата фекална канилизациона линија од стамбени објекти кои минуват по јавна површина во с.Тимјаник**

**Член 2**

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавување во **„ Службен гласник на општина Неготино “ .**

**бр. 08-180/3**
**01.03.2023 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Акционен план за енергетска ефикасност за 2023 година**

Се објавува **Заклучок за Акционен план за енергетска ефикасност за 2023 година** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **01.03.2023** година.

**Бр.09- 220/2**
**03.03.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

# Акционен план за реализација на активности од енергетската ефикасност за 2023 година

| Ред<br><br>бр | Проект/активност | Ц ел | Финансира но од | Корисник | Приближна вредност на инвестицијата (€) | Период на реализација | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Дозамена на дел од постоечки светилки со штедливи | Заштеда на енергија, подобрена енергетска ефикасност | Сопствени средства | Општина Неготино | 11 300 | II квартал / 2022 | Заштеда на енергија, подобрена енергетска ефикасност |
| 2 | Поставување на соларни колектори за | Заштеда на енергија, | Сопствени | Општина Неготино | 2 430 | II квартал / | Заштеда на енергија |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | СТВ на градски стадион | подобрена енергетска ефикасност | средства | | | 2022 | подобрена енергетска ефикасност |
| 3 | Поставување на фотоволтаици за производство на електрична енергија за сопствени потреби | Подобрување на енергетската ефикасност | Сопствени средства | Општина Неготино | 32 000 | II квартал/ 2022 | Заштеда на енергија подобрена енергетска ефикасност |
| 4 | Делумна замена на внатрешното осветлување со ЛЕД енергетски ефикасно | Подобрување на енергетската ефикасност | Сопствени средства | СОУ „Св. Кирил и Методиј“ | 1 000 | II квартал/ 2023 | Заштеда на енергија подобрена енергетска ефикасност |
| 5 | Поставување на фотоволтаици за производство на електрична енергија за сопствени потреби | Подобрување на енергетската ефикасност | Сопствени средства | ООУ „Страшо Пинџур“ | 28 000 | II квартал/ 2023 | Заштеда на енергија подобрена енергетска ефикасност |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6 | Поставување на фотоволтаици за производство на електрична енергија за сопствени потреби | Подобрување на енергетската ефикасност | Сопствени средства | ООУ „Гоце Делчев“ | 40 000 | II квартал/ 2023 | Заштеда на енергија подобрена енергетска ефикасност |
| 7 | Промена на покрив во клон „Мајски цвет“ со термо изолација | Подобрување на енергетската ефикасност | МТСП | ЈОУДГ „Фемо Кулаков“ с. Тремник | 80 000 | II квартал/ 2023 | Заштеда на енергија подобрена енергетска ефикасност |
| 8 | Поставување на фотоволтаици за производство на електрична енергија за сопствени потреби на објекти во сопственост на ЈКП „Комуналец | Подобрување на енергетската ефикасност на капела, резервоари за вода, управна зграда и паркинг плац за сопствени возила | Сопствени средства | Јавно комунално претпријатие „Комуналец“ Неготино | 33 000 | II квартал/ 2023 | Заштеда на енергија подобрена енергетска ефикасност |
| | Подигање на свеста за | Подобрување на | Сопствени | Граѓани на | 800 | 2023 | Заштеда на |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | значењето на енергетската ефикасност, подобрување на знаењата за ЕЕ и ОИЕ на јавноста | енергетската ефикасност | средства | Општина Неготино и на ВПР | | | енергија, подобрена енергетска ефикасност |

**бр. 08-190/4**
**01.03.2023 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за отпочнување на активности за ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на општина Неготино за 2023 година од сите ризици и опасности**

Се објавува **Одлука за отпочнување на активности за ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на општина Неготино за 2023 година од сите ризици и опасности** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **01.03.2023** година.

**Бр.09- 220/3**
**03.03.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 22 став 1 точка 10 Од Законот за локалната самоуправа (,,Сл.весник на РМ ,, бр..5/02) и член 79 став 1 точка 50 од od Статутот на Општина Неготино (,, Сл.гласник на општина Неготино,, бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 16/14, 13/20 и 3/22 ), чл. 14 ст.1 од Уредбата за методологијата за изработка на процената на загрозеност на РМ од сите ризици и опасности, нејзината содржина и структура, начинот , чување и ажурирање, како и определување на субјектите во системот за управување со кризи на кои им се доставува целосна или извод од процената ( Сл. весник на рм 13/11), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **01.03.2023** година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За отпочнување на активности за ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на општина Неготино за 2023 година од сите ризици и опасности**

**Член 1**

Со оваа одлука се дава согласност да се отпочнат активности за ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на општина Неготино за 2022 година од сите ризици и опасности**.**

Одлуката се носи врз основа на иницијатива за ажурирање на процена на загрозеност на подрачјето на општина Неготино од сите ризици и опасности со бр.**20-34/1** од **17.02.2022** година на РЦУК Неготино.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „ **Службен гласник на Општина Неготино “.**

**бр. 08-190/5** **Совет на општина Неготино**
**01.03.2023 година** **Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за примање на специјализирано противпожарно возило од Центар за развој на Вардарски плански регион и давање на трајно користење без надомест на ТППЕ Неготино**

Се објавува **Одлука за примање на специјализирано противпожарно возило од Центар за развој на Вардарски плански регион и давање на трајно користење без надомест на ТППЕ Неготино “** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **01.03.2023** година.

**Бр.09- 220/4**
**03.03.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа ( „Службен весник на РМ “ бр.5/02 ) член 79 став 1 точка 34 од Статутот на општина Неготино ( Службен гласник на општина Неготино бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 ,16/14, 13/20 И 3/22), Одлука за сопствено учество на Општина Неготино, во реализација на проектот „ Зајакнување на капацитетите на ТППЕ во општина Велес, Неготино, Свети Николе и Кавадарци преку набавка на високо професионални возила согласно европските стандарди бр. 08-577/4 од 18.08.2022 година, Советот на општина неготино на седницата одржана на ден **01.03.2023** година ја усвои следната

## О Д Л У К А
## За примање на специјализирано противпожарно возило од Центар за развој на Вардарски плански регион и давање на трајно користење без надомест на ТППЕ Неготино

### Член 1

Со оваа одлука Општина Неготино од Центарот за развој на Вардарски плански регион прима специјализирано противпожарно возило со следниве карактеристики:

- Марка : TMB FORD TRUCKS;
- Модел : FORD TRUCKS 1833
- Тип : CHK1-FFP6ADY-YCGSKPBG
- Комерцијална ознака: FORD TRUCKS
- Идентификационен број на возилото:NM0KKXTP6KNP96150
- Маса на возилото (kg):9420
- Категорија на возило: N3 – товарно
- Облик и намена на каросеријата: SG - Цистерна противпожарна
- Тип на мотор: FFP6
- Зафатнина на мотор ( cm3 ) : 8974
- Сила на мотор ( KW ): 243
- Вид на гориво: Дизел
- Шасија: NM0KKXTP6KNP96150
- Противпожарна надградба со резервоар: 6.000,оо литри
- Резервоар за пенило : 500 литри
- Мотор со издувни гасови : EURO 6D
- Година на производство: 2022 година

**Член 2**

Врдноста на специјализираното противпожарно возило е со вкупен износ од **7.959.336,оо** денари со вклучен ДДВ.

**Член 3**

Општина Неготино специјализираното противпожарно возило од Член 1 на оваа одлука му и го предава на ТППЕ Неготино на трајно кростење без надомест заради вршење на дејноста за која е основана.

**Член 4**

Со цел регулирање на меѓусебните права и обврски , а во врска со предавањето на противпожарното возило од член 1 од оваа одлука од Општина Неготино на ТППЕ Неготино , градоначалникот на Општина Неготино и ТППЕ Неготино ќе склучат меѓусебен договор.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на општина Неготино “.**

**бр. 08-190/6**
**01.03.2023 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за измена на Одлука за сопствено учество на општина Неготино во Проект за развој на селата преку Програмата за рамномерен регионален развој за 2022 година со индикативно планирани средства за 2023 година**

Се објавува **Одлука за измена на Одлука за сопствено учество на општина Неготино во Проект за развој на селата преку Програмата за рамномерен регионален развој за 2022 година со индикативно планирани средства за 2023 година**што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **01.03.2023** година.

**Бр.09- 220/5**
**03.03.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл. Весник на РМ” бр.5/02) и член 79, став 1, точка 26 од Статутот на општина Неготино (“Сл. Гласник на Општина Неготино” бр. 3/06,2/11,9/11, 16/12, 16/14 и 13/20,3/22 ), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **01.03.2023** година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За измена на Одлука за сопствено учество на општина Неготино во Проект за развој на селата преку Програмата за рамномерен регионален развој за 2022 година со индикативно планирани средства за 2023 година**

**Член 1**

Во Одлуката за сопствено учество на општина Неготино во Проект за развој на селата преку Програмата за рамномерен регионален развој за 2022 година со индикативно планирани средства за 2023 година на Совет на општина Неготино бр. 08-295/7 од 18.04.2022 година **во член 3 - под програмата Г10 Поддршка на локалниот економски развој за 2022 се менува со под програмата ЕА0 Капитални трошоци.**

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот објавувањето во **„ Службен гласник на општина Неготино “.**

**бр. 08-190/7**
**01.03.2023 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за определување за надомест на штета од напад на кучиња скитници во општина Неготино**

Се објавува **Одлука за определување за надомест на штета од напад на кучиња скитници во општина Неготино** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **01.03.2023** година.

**Бр.09- 220/6**
**03.03.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ( „ Службен весник “ бр. 05/02) член 79 став 1 точка 26 од Статутот на Општина Неготино („Службен гласник на Општина Неготино“ број 3/06, 2/11, 09/11, 16/12, 16/14, 13/20 И 3/22 ), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **01.03.2023** година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За определување за надомест на штета од напад на кучиња скитници во општина Неготино**

**Член 1**

Со оваа одлука се определува надомест на штета од напад на кучиња скитници во општина Неготино во износ од **60.000,оо** денари.

**Член 2**

Надоместот ќе се исплаќа по поднесено барање со лекарска документација и пријава до ОВР Неготино од страна на оштетеното лице.

Општина Неготино и оштетеното лице врз основа на оваа одлука ќе склучат вонсудска спогодба во која ќе се прецизираат правата и обврските на двете договорни страни , а во врска со начинот и услугите за исплата на надоместокот од член 1 од овој договор.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на општина Неготино“ .**

**бр. 08-190/8** **Совет на општина Неготино**
**03.03.2023 година** **Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за формирање на Еко патроли во општина Неготино**

Се објавува **Решение за формирање на Еко патроли во општина Неготино** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **01.03.2023** година.

**Бр.09- 220/7**
**03.03.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Закон за локална самоуправа ( Службен весник на РМ бр. 5/02 ) и член 79 стаав 1 точка 17 од Статутот на Општина Неготино ( „ Службен гласник на Општина Неготино бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ) и член 4 од Правилник за начинот на формирање, составот, надлежностите , функционирањето и овластувањето на Еко патроли во рамки на Општина Неготино ( Службен гласник на општина Неготино бр.1/23 ) Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **01.03.2023** година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За формирање на Еко патроли во општина Неготино**

**Член 1**

Се формираат Еко патроли во општина Неготино во следниот состав :

**Еко патрола 1 : Кире Ташев , Лазар Најдов Чолак и Јордан Коцев**
**Еко патрола 2 : Стојанче Атанасов , Александар Павлов и Јордан Коцев**
**Еко патрола 3 : Леон Ристов, Елизабета Трпковска и Јордан Коцев**
**Еко патрола 4 : Гордана Јованова, Пепица Ѓорѓиева и Јордан Коцев**
**Еко патрола 5 : Роза Јаневска, Орданче Димитров и Јордан Коцев**
**Еко патрола 6 : Александар Гичовски, Гоце Димитров и Јордан Коцев**
**Еко патрола 7 : Соња Ангелевска Колева, Мики Мирчев и Јордан Коцев**
**Еко патрола 8 : Зоран Стојанов , градоначалник Горан Стојанов и Јордан Коцев**

**Член 2**

Мандатот на Еко патролите е од денот на нивното формирање до крајот на мандатот на членовите на Советот .

Надлежностите на Еко патролите се определени во член 5 од Правилникот за начинот на формирање, составот, надлежностите , функционирањето и овластувањето на Еко патроли во рамки на Општина Неготино.

**Член 3**

Еко патролите ќе ги извршуваат своите надлежности според следниот распоред:

Започнувајќи од 01.03.2023 година секоја Еко патрола ќе биде надлежна за за секој месец поединечно почнувајќи од Еко патрола 1 до Еко патрола 8 последователно до крајот на мандатот на овој состав на Совет.

**Член 4**

Ова решение влегува во сила со денот на објавување во **„ Службен гласник на Општина Неготино “ .**

**бр. 08-190/9**
**01.03.2023 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за донесување на Конечен Предлог Детален урбанистички план за урбана единица 3, дел од блок 12, општина Неготино**

Се објавува **Одлука за донесување на Конечен Предлог Детален урбанистички план за урбана единица 3, дел од блок 12, општина Неготино** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **01.03.2023** година.

**Бр.09- 220/8**
**03.03.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 38 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ” бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и член 93 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ” бр. 32/20), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **01.03.2023** година ја донесе следната

## О Д Л У К А

## за донесување на Конечен Предлог Детален урбанистички план за урбана единица 3, дел од блок 12, општина Неготино

### Член 1

Се утврдува Конечен Предлог Детален урбанистички план за урбана единица 3, дел од блок 12, општина Неготино според урбанистичка документација изработена од „ДИЗАЈН ЦЕНТАР ИНЖЕЊЕРИНГ” ДООЕЛ Кавадарци, со технички број 3716 од ноември 2022 година.

### Член 2

*Деталниот урбанистички план од член 1 на оваа Одлука содржи:*
*-Текстуално образложение;*
*-Графички прилози според законските одредби;*
*-Одредби за реализација на урбанистичка документација;*
*-Извештај од извршена стручна ревизија изготвена од „ИН-ПУМА“ –Скопје, со тех.број 39/2020 од јануари 2023 година;*
*-Согласност број 21-308/2 од 08, февруари, 2023 година од Министерство за транспорт и врски*

### Член 3

Оваа одлука стапува во сила со денот на објавувањето во **„Службен гласник на општина Неготино“.**

**бр. 08-190/10**
**01.03.2023 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичка планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичката планска документација**

Се објавува **Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичка планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичката планска документација** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **01.03.2023** година.

**Бр.09- 220/9**
**03.03.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на РМ“ број 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16) и на член 79 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Неготино („Службен гласник на Општина Неготино“ број 3/06, 2/11, 09/11, 16/12, 16/14 и 13/20,3/22 ), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на **01.03.2023** година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за утврдување на потребата од донесување на урбанистичка планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичката планска документација**

**Член 1**

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намена на бесправно изградени објекти кои треба да се вклопат со поединечни зони според намената на земјиштето и општиот режим на градење и употреба.

**Член 2**

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација, **КП бр. 1057/1, КП бр.1057/4 и КП бр.2216/2** КО Пепелиште – Општина Неготино, со која **нема** да се изврши вклопување на бесправно изграден објект означен со број на зграда 1 со намена А5-4 влез 1 кат приземје, намена на посебен дел од зграда - помошен простор , (според геодетски елаборат бр. **0813-774** од **27.12.2018** година на Геодетски Премер ДООЕЛ Кавадарци.

**Член 3**

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација, **КП бр. 261/1 и КП бр.269** КО Калањево – Општина Неготино, со која ќе се изврши вклопување на бесправно изграден објект означен со број на зграда 8, влез 1, кат приземје, стан 1, со намена на посебен дел од зграда СТ. А4-3 викенд куќа, (според геодетски елаборат бр. **0803-266** од **27.12.2018** година на К-4 ДООЕЛ Неготино .

**Член 4**

Оваа Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во **„Службен гласник на општина Неготино“.**

**бр. 08-190/11**
**01.03.2023 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за поставување на садови за отпад (контејнери) на подрачјето на општина Неготино**

Се објавува **Одлука за поставување на садови за отпад (контејнери) на подрачјето на општина Неготино** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **01.03.2023** година.

**Бр.09- 220/10**
**03.03.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („Сл.весник на РМ" бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14, 13/20 и 3/22 ), а во врска со членот 4 став 1 точка 6 од Законот за комунални дејности („Сл.весник на РМ" бр. 95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16 и 64/18 и Сл.весник на РСМ" бр.302/20), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **01.03.2023** година ја донесе следната

## О Д Л У К А
## за поставување на садови за отпад (контејнери) на подрачјето на општина Неготино

### Член 1

Со оваа одлука се регулира поставувањето на садови за отпад (контејнери) на подрачјето на општина Неготино.

### Член 2

Садови за отпад (контејнери) се поставуваат на подрачјето на градот Неготино и во сите населени места.

На подрачјето на градот Неготино садовите за отпад (контејнерите), се поставуваат во близина на објектите на Јавните установи и институции (училишта, детски градинки, болници, јавни претпријатија и сл.) и во близина на зградите за колективно домување, на соодветни места (јавни површини), одредени од ЈП „ КОМУНАЛЕЦ " Неготино, а при поставувањето на истите потребно е да не се нарушува нормалното движење на возилата и пешаците.

Во населените места контејнерите потребно е да бидат поставени на повеќе локации(јавни површини), одредени од ЈП „ КОМУНАЛЕЦ " Неготино, а при поставувањето на истите потребно е да не се нарушува нормалното движење на возилата и пешаците.

**Член 3**

Садовите за отпад (контејнери) наменети за одделно собирање на отпад, според видот и карактеристиките (контејнери за селекција на отпадот), потребно е да бидат обележани со соодветна боја и на истите да има јасна ознака за видот на отпадот за кој се наменати.

Контејнерите за селекција на отпадот ќе бидат поставени на истите локации во непосредба близина до контејнерите за измешан комунален отпад.

**Член 4**

Со контејнерите за измешан комунален отпад управува ЈП „ КОМУНАЛЕЦ “ Неготино.

Со контејнерите за селекција на отпадот ќе управува правно лице со лиценца за управување со конкретниот отпад, со кои општина Неготино ќе склучи посебни договори.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во **„Службен гласник на Општина Неготино “.**

**бр. 08-190/12**
**01.03.2023 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Неготино за периодот 01.01.2022-31.12.2022 година**

Се објавува **Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Неготино за периодот 01.01.2022-31.12.2022 година** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **01.03.2023** година.

**Бр.09- 220/11**
**03.03.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа (,,Сл.весник на РМ “ бр. 5/02), и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Неготино (,, Сл.гласник на општина Неготино,, бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 ,16/14 , 13/20 и 3/22 ), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **01.03.2023** година го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Неготино за периодот 01.01.2022- 31.12.2022 година**

**Член 1**

Советот на Општина Неготино го усвои Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Неготино за периодот **01.01.2022- 31.12.2022 година.**

**Член 2**

Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавување во **„ Службен гласник на Општина Неготино “.**

**бр. 08-190/13**
**01.03.2023 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

